Врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 1 август 2024 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на барање за промена на категорија на приклучок**

1. Се одобрува барањето на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр.09-1778/2 од 19 јули 2024 година за промена на категорија на приклучок на корисникот ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје, Друштво за снабдување со електрична енергија, со седиште на ул. Лазар Личеноски бр.11, Скопје, со ЕДБ: 4080011522805 и тоа:
   - место на потрошувачка: 000000196414
   - адреса на мерно место: Граничен премин БОГОРОДИЦА
   - постоечка категорија на приклучок: LV1.2
   - нова категорија на приклучок: LV2
   - напонско ниво на мерење: низок напон
   - локација на мерење: низок напон.
2. Се задолжува Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да ја ажурира листата од член 93, став (3), точка 5) од Законот за енергетика* за промена на категорија на приклучок од LV1.2 во LV2 на ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје, и посебно да ја наведе причината за промена на категоријата на приклучокот.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, врз основа на член 93 став (6) од Законот за енергетика*, на 3 јули 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на промена на категорија на приклучок на корисникот ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје, Друштво за снабдување со електрична енергија, со седиште на ул. Лазар Личеноски бр.11, Скопје, бр.09-1664/1 од 3 јули 2024 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-1260/1 од 4 јули 2024 година. Поради техничка грешка во Барањето бр.09-1664/1 од 3 јули 2024 година, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје на 25 јули 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Барање за одобрување на промена на категорија на приклучок на корисникот ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје, Друштво за снабдување со електрична енергија, со седиште на ул. Лазар Личеноски бр.11, Скопје, бр.09-1778/2 од 19 јули 2024 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-1260/2 од 25 јули 2024 година.

Барањето се однесува на промена на категорија на приклучок од LV1.2 во LV2 на ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје, со место на потрошувачка: 000000196414 и адреса на мерно место: Граничен премин БОГОРОДИЦА. Барањето е поднесено затоа што Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како оператор на електродистрибутивниот систем, планира реконструкција на приклучокот мерно место 000000196414 кое е моментално поставено во мерен

орман на самостоен извод на на ТС да го постави на заеднички извод со други корисници. Поради тоа потребно е да се промени категоријата на приклучок од LV1.2 во LV2.

Во прилог на барањето Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје достави ГИС скица, фотографии од мерното место и информација дека мерното место не е во постапка на промена на снабдувач.

Имајќи го во предвид горенаведеното, како и член 4 став (2) точка 5) од Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија на потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје ("Службен весник на Република Македонија" бр. 95/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/20, 159/22 и 270/23) согласно кој во категоријата LV2 припаѓаат сите нисконапонски приклучоци што не се опфатени со категориите LV1.1 и LV1.2, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-1260/3**
**1 август 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**